За потребите на проектот „Уставниот суд – заштитник на човековите права", финансиран од Германската амбасада во Скопје, врз основа на Договорот за грант меѓу Германската амбасада во Скопје и Институтот за човекови права бр. 0307-22/1 од 14.04.2023 година (во понатамошниот текст: Договор за грант), проектниот тим на Институтот за човекови права испраќа:

# ПРОЕКТНА ЗАДАЧА 3/2023
## за ангажирање на двајца експерти за истражување и изработка на длабинска анализа на одлуките на Уставниот суд

## I. НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ

„Уставниот суд – заштитник на човековите права"

## II. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЗАДАЧАТА

**Број на предвидени работни денови:** 30 дена од експерт
**Почеток на договорот:** јуни 2023
**Крај на договорот:** декември 2023

## III. ПОЗАДИНА

„Уставниот суд – заштитник на човековите права" е проект чијашто генерална цел е да се подобри севкупниот систем за уставна заштита на човековите права и слободи како и да се зголеми јавниот интерес и знаењето за работата на Уставниот суд. Специфични цели на проектот се:

1. Да се зголеми знаењето и интересот на јавноста за уставните права и слободи и да се зголемат знаењата и вештините на правните професионалци, студентите и јавноста за расположливите механизми за заштита на човековите права и слободи пред Уставниот суд; и
2. Да се подобри уставниот механизам за заштита на човековите права и слободи врз основа на споредбени регионални и континентални искуства и најдобри практики.

Проектот „Уставниот суд – заштитник на човековите права" е финансиран од Германската амбасада во Скопје. Проектот е реализиран од Институтот за човекови права.

**Институтот за човекови права** (ИЧП) е главниот спроведувач на проектот и е здружение на граѓани лоцирано во Скопје, основано во 2009 г. со цел промовирање, унапредување и заштитата на човековите права и слободи преку континуирана едукација на професионалната јавност и анализа на состојбите, организирање на стручни дискусии во рамките на правната

професија и дискусии за општата јавност со цел зајакнување на капацитетите и механизмите за промовирање, гарантирање и заштита на човековите слободи и права. ИЧП ги остварува своите активности во соработка со државни органи и институции, граѓански организации од земјата како и регионални и меѓународни институции и организации од областа на заштитата на човековите права.

## IV. ЦЕЛ НА ЗАДАЧАТА

Цел на задачата е да се спроведе длабинска анализа на одлуките на Уставниот суд, кои пред сé се однесуваат на предметите за заштита на човековите права.

За извршување на задачата ќе бидат ангажирани двајца експерти, кои заедно со тимот на ИЧП ќе развијат методологија за истражување и анализа. Експертите ќе селектираат случаи од 1992 до денес, кои потоа ќе бидат анализирани во однос на основите, правната состојба и правното образложение. Исто така анализата треба да содржи заклучоци и препораки.

Оваа анализа може да послужи како алатка на Уставниот суд и на пошироката стручна јавност која ќе даде увид во досегашната пракса при одлучување за предметите поврзани со заштитата на човековите права и воедно ќе придонесе за зголемување на довербата на граѓаните.

Работата ќе се смета за финална само откако ќе биде одобрена од ИЧП.

**Задачи и обврски:**
Во координација со проектниот координатор и тимот на ИЧП, експертите ќе ги извршат следните задачи:

1. Развивање на методологија за истражување и анализа во соработка со тимот на ИЧП;
2. Селекција на предмети за обработка од 1992 до денес;
3. Истражување и изработка на длабинска анализа на предметите на Уставниот суд во однос на заштита на човековите права.

**Забелешка:** При извршувањето на оваа задача, од експертите се очекува:

- Да применат највисок стандард на работа и навремено да доставуваат резултати во секоја фаза на извршувањето на задачата.
- Да обезбедат јасност на целите и процесот за време на консултациите со проектниот тим.

## V. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Од ангажираните експерти се очекува да ги испорачаат следниве резултати:

1. Истражување и изработка на длабинска анализа на предметите на Уставниот суд според следната временска рамка:

| Резултати | Изработени денови | Прелиминарен датум |
|---|---|---|
| 1. Драфт верзија со утврдени поглавја | 10 | 15 август |
| 2. Финална верзија | 20 | 5 ноември |

**Начин на плаќање**

Плаќањето ќе биде извршено на два пати, по успешно завршување на секој од поединечните резултати:

- Право плаќање: 33% од целосната договорна сума по успешно доставување на првиот резултат и одобрување од страна на ИЧП, најдоцна во рок од 30 дена;
- Второ плаќање: 67% од целосната договорна сума по успешно доставување на вториот резултат и одобрување од страна на ИЧП, најдоцна во рок од 30 дена.

## VI. ЛОГИСТИКА

За спроведување на активностите од страна на проектниот тим на ИЧП ќе биде обезбедена следнава поддршка:

- ИЧП проектниот координатор и тим – достапни во текот на целиот проект;

Експертите ќе работат во координација и под директен надзор на проектниот координатор и, по потреба, со поддршка од проектниот тим. Тие ќе биде во редовна комуникација со проектниот координатор преку е-маил.

## VII. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЗАДАЧАТА

Услугата треба да се испорача во период од 5 јуни 2023 до 5 ноември 2023 година.

## VIII. МЕСТО НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧАТА

Местото на извршување на задачата ќе биде одредено од страна на вршителите на услугата. Службени патувања не се предвидени согласно проектната активност.

## IX. ВЕШТИНИ

- Развиени меѓучовечки и комуникациски вештини, способност за тимска работа.
- Способности за аналитичко правно размислување, известување и пишување.

- Добра организација на времето и исполнување на поставените рокови.

## X. КВАЛИФИКАЦИИ НА ЕКСПЕРТИТЕ

Образование

- Минимум завршени студии од втор циклус или четиригодишно високо образование (т.н. „стара програма") во областа на правото.

Искуство

- Минимум 10 години искуство на правни работи поврзани со човекови права, судство, Уставен суд и Европскиот суд за човекови права;
- Минимум 10 години искуство во пишување анализи за човековите права и нивната заштита од судовите, Уставниот суд и Европскиот суд за човекови права.

## XI. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА

Изборот на понудувачите ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и на финансиската понуда. Договор ќе се склучи со двајца понудувачи чија понуда:
а) Е соодветна и прифатлива и
б) Ќе освои највисок број на поени согласно следниве критериуми:

- Квалитативни критериуми: 60%
- Финансиска понуда: 40%

За **финансиската евалуација** ќе се земат предвид само кандидатите кои ќе добијат минимум 42 поени во квалитативната евалуација.

За одредување на бодовите на финансиската понуда ќе се користи следнава формула:
**број на бодови = (најниска понудена цена x максимален број на бодови) / цена на понудата**

**Квалитативна евалуација:**

| **Критериуми** | **Максимум поени 60** |
|---|---|
| Образование<br><br>Правни студии од втор циклус или четиригодишно високо образование (т.н. „стара програма") = 12 поени<br><br>Релевантни студии од трет циклус = 15 поени | 15 |

| | |
|---|---|
| Најмалку 10 години работно искуство во вршење на работи поврзани со човековите права.<br><br>До 10 години = 10 поени<br><br>Од 10 - 15 години = 12 поени<br><br>Повеќе од 15 години = 15 поени | 15 |
| Најмалку 10 години работно искуство во вршење на работи поврзани со судство, Уставен суд и Европскиот суд за човекови права.<br><br>До 10 години = 10 поени<br><br>10 – 20 години = 15 поени<br><br>Повеќе од 20 години = 20 поени | 20 |
| Искуство во пишување анализи и истражувања и други релевантни материјали.<br><br>10 години или повеќе = 10 поени | 10 |

## XII. ДОКУМЕНТИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПОДНЕСАТ

Ве молиме да ни доставите Ваша понуда за горенаведената покана. Понудата треба да содржи квалитативна и финансиска понуда.

**Квалитативниот дел на понудата треба да се состои од:**

- CV со фокус на потребната квалификација и искуство.

**Финансискиот дел од понудата треба да биде во следниот формат:**

| Ставка | Опис на производ/услуга | Количина (во денови) | Цена во бруто износ (МКД) |
|---|---|---|---|
| 1. | Драфт верзија со утврдени поглавја | 10 | |
| 2. | Финална верзија со препораки | 20 | |
| **ВКУПНО** | | 30 | |

Здружение на граѓани Институт за човекови права Скопје